20150592130

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**

Врз основа на член 49 став (4) од Законот за шумите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 64/09, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15 и 44/15), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕТО НА РАБОТИТЕ НА ИЗВЕШТАЈНО ДИЈАГНОЗНО - ПРОГРОЗНАТА СЛУЖБА

Член 1

Со овој правилник се уредува начинот на вршењето на работите на извештајно дијагнозно-прогрозната служба.

Член 2

Извештајно дијагнозно-прогрозната служба предлага мерки и активности заради утврдување на здравствената состојба на шумите и шумските култури во Република Македонија и предвидува мерки за заштита од биотски, абиотски и антропогени фактори кои можат да предизвикаат штетни последици во шумата.

Член 3

Извештајно дијагнозно-прогрозната служба ги врши следните работи:

1. ја следи здравствената состојба на шумите во тековната година и на крајот на календарската година доставува прелиминарен извештај до органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството;
2. изготвува финален извештај за превентивна заштита на шумите и шумските култури во Република Македонија од растителни болести и штетници и го доставува до органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството до крај на јануари во наредната година;
3. дава стручна помош на правните лица кои стопанисуваат и управуваат со шумите во државна сопственост, како и сопствениците на приватни шуми во одредување на присуството на штетни инсекти и растителни болести и ја утврдува популационата густина на штетните инсекти и интезитетот на нападот од растителни болести и штетници;
4. ги прибира, обработува и систематизира податоците кои ги доставуваат правните лица кои стопанисуваат и управуваат со шумите во државна сопственост, како и сопствениците на приватни шуми;
5. врши детерминација на штетните инсекти, растителните болести и другите причинители кои доведуваат до оштетувања на шумите на барање на правните лица кои стопанисуваат и управуваат со шумите во државна сопственост, како и сопствениците на приватни шуми, кои самите тие не се во состојба да ги детерминираат и
6. врши теренски увид - контрола на локалитети, врз основа на добиените податоци, каде цени дека има потреба од дополнителна проверка на истите;
7. за време на теренските увиди остварува непосредна соработка со стручните лица од правните лица кои стопанисуваат и управуваат со шумите во државна сопственост, како и сопствениците на приватни шуми и
8. во случај на енормно зголемување на популационата густина на одреден вид штетник и појава на епифитоција во текот на годината доставува вонреден извештај до органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.09-3595/3
2 април 2015 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
м-р **Михаил Цветков,** с.р.